НАЦИОНАЛЕН ДЕМОКРАТСКИ ИНСТИТУТ

NDI

NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE FOR INTERNATIONAL AFFAIRS

# МАКЕДОНИЈА

## Работи на зајакнување и ширење на демократијата ширум светот

мај 2003 - август 2003 Година 1, Број 2

## Говорејќи за политиката



Граѓаните на Македонија, кога се запрашани за нивните избрани претставници, редовно одговараат дека тие не се во допир со грижите на луѓето кои ги претставуваат. Тие велат дека помеѓу изборите политичарите ретко, дури и воопшто не ги гледаат, освен во медиумите. Повеќето луѓе немаат ниту идеја кои политичари ги претставуваат нив, ниту пак што тие прават помеѓу изборите.

Сепак, за време на последниве пет месеци, ова почна да се менува. Ова издание на НДИ Македонија се осврнува на првичните начини на кои пратениците од Собранието им покажуваат на граѓаните дека сакаат да го слушнат нивниот глас. Одзивот е охрабрувачки. Граѓаните се редат во редици пред новоотворените канцеларии за комуникација со гласачите, се појавуваат како сведоци на парламентарните расправи за да ги претстават своите предлози и присуствуваат на состаноците низ градовите за да проговорат за важни прашања.

Избраните претставници, исто така, се носат со предизвикот да им покажат на граѓаните дека јавниот интерес, а не политичкиот или личниот, им е при срце. Четири нови пратеници отворија канцеларии за комуникација со граѓаните во Гостивар и Дебар. Заедно со четирите пратеника кои веќе отворија канцеларија во Кисела Вода, тие го користат својот авторитет како пратеници за да добијат одговори од владата и резултати за граѓаните. Успехот на овие канцеларии, всушност, доведе до тоа, сите партии во Собранието да го поддржат предлогот на законот со кој ќе им се помогне на сите пратеници да отварат канцеларија во својата изборна единица.

Во таквиот дух раководството на ДУИ одржа седница пред медиумите да го презентира нивниот придонес во владата, вклучувајќи ги достигнувањата, но и предизвиците кои и понатаму треба да се решаваат. Ова беше проследено со состаноци во дузина заедници каде граѓаните можеа да просудат самите за придонесот на ДУИ, многу порано пред изборите да започнат.

## *Парламентарна студиска посета на Унгарија*



Долен ред, од лево кон десно: Јани Макрадули, Александар Новакоски, Шејла Фруман, Томе Тромбев
Втор ред, од лево кон десно: Хисни Шаќири, Невзат Бејта, Аднан Јашари, Елеонора Петрова-Митевска, Благородна Мингова-Крепиева, Соња Лепиткова, Роза Топузова-Каревска
Трет ред, од лево кон десно: Елвис Жутиќ, Зоран Шапуриќ, Зоран Крстевски

***Продолжува на стр. 2***

Во меѓувреме, Граѓанската асоцијација МОСТ ги организираше Мобилните Парламенти кои ги доведоа невладините организации и пратениците заедно да дискутираат за прашањата на заедницата. Една од средбите резултираше во тоа три пратеника од различни партии со заеднички сили да се осврнат на грижите на граѓаните - повеќепартиски пристап кој е ретко виден.

Во уште еден првичен чекор, Собранието за прв пат одржа јавна расправа каде сведоците беа повикани да дадат свој придонес во развивањето на Кодекс за однесување на пратенците. Како што еден долгогодишен пратеник коментираше по расправата "Ова е прв пат да се чувствувам битен како пратеник".

Директор

# Посета на еден од најубавите парламенти во Европа



Членовите на делегацијата уживаат во погледот на Дунав

Унгарија претставува интересен пример за скорешна и успешна транзиција од еднопартиски систем во повеќепартиска демократија. Уште од раните 1990ти Национално Собрание на Унгарија стана централна институција на владеење во земјата. Унгарското собрание еволвираше од институција со членови на кои им недостасува политичко искуство и демократски примери во институција со искусни и професионални политичари. Во почетокот, со недостаток на вработени, опрема и ресурси, Националното Собрание сега функционира со обилни човечки и други ресурси за да им се овозможи на пратениците да ги исполнат нивните улоги како законодавци и претставници на народот. Собранието игра критична улога во носењето на закони, има развиено ефективен систем на комисии и активно го спроведува надзорот врз извршната власт.



Пратениците Аднан Јашари, Благородна Мингова-Крепиева и Невзат Бејта работат на акционен план за македонското Собрание за време на студиската посета

# Отварање нови перспективи

*М-р Јани Макрадули*
*Координатор на пратеничка група СДСМ*

Во рамките на соработката на Собранието на Република Македонија со НДИ, а со поддршка од World Learning, во периодот од 21 до 26 мај, 2003 година беше организирано студиско патување и посета на парламентот на Република Унгарија.

Повеќепартиската делегација се состоеше од пратениците: Елеонора Петрова-Митевска, Соња Лепиткова, Роза Топузова Каревска, Благородна Мингова - Крепиева, Хисни Шаќири, Аднан Јашари, Невзат Бејта, Зоран Крстевски, Зоран Шапуриќ, Томе Тромбев, Јани Макрадули и генералниот секретар Александар Новакоски. Би сакал да напоменам дека поради партиски активности, поканетите пратеници од ВМРО-ДПМНЕ не дојдоа, како и пратениците од ДПА заради апстиненција од работата на Собранието.

Одлично организираната програма, во себе нудеше различни активности, и тоа: средби со претставници на раководните структури на Собранието, како од политичкиот естаблишмент, така и од организационите структури, средби со политички партии, претседатели на поедини Комисии, како и поединечни средби со пратеници.

За време на целиот престој, делегацијата од Собранието имаше прилика, не само да се запознае со начинот на работа, туку и активно со прашања да размени искуства или мислења за поедини прашања. Делегацијата едногласно се сложи за зајакнување на позицијата на Комисиите во рамките на Собранието. Посебен акцент беше ставен на задачите кои треба да се завршат во процесот на приближување кон Европа, од искуствата на неколку работни тела и комисии.



Од особен интерес беа средбите со поедини пратеници, каде можеше да се запознаеме со работата на терен и перманентните средби со граѓаните во нивните канцеларии за комуникација. Агендата понуди и посета на една таква канцеларија, посета која отвори нови перспективи и во нашата делегација.

Во рамки на посетата, беше остварено и присуство на координативен состанок на мнозинската партија во Собранието, како и присуство на седница на Собранието, во денот кога се усвојува дневниот ред за работната недела и се поставуваат пратенички прашања.

Делегацијата изразува посебна благодарност кон нашиот домаќин г-дин Питер Хак, поранешен пратеник и претседател на Законодавно-правната комисија, кој несебично со своето искуство, постојано беше подготвен за објаснувања и совети.



# ДУИ отвори две канцеларии за комуникација со граѓаните




Пратениците Агрон Буџаку и Талат Џафери на отварањето на нивната канцеларија во Дебар



Пратениците Невзат Бејта и Аднан Јашари на отварањето на нивната канцеларија во Гостивар

"Во неможност да добиеме какви било одговори од надлежните институции, канцелариите за комуникација со граѓаните овозможија нашиот проблем да стигне до Собранието со цел да се пронајде решение".

*Низам Таири, Мерсел Таири, Фехим Таири и Есад Адеми - граѓани од Гостивар*

МОСТ Граѓанска Асоцијација

## МОБИЛЕН ПАРЛАМЕНТ

### Мобилниот парламент на МОСТ ги зближува пратениците и граѓаните



Пратениците Жарко Караџоски, Љупчо Мешков и Благоја Гешоски во Прилеп за време на Мобилниот парламент на МОСТ на тема "Иднината на тутунопроизводството".



Пратениците Благоја Голомеов, Слободан Даневски, координаторот на МОСТ Славица Билјарска, модераторот Драган Антоновски и пратеникот Ристо Пејовски во Велес за време на Мобилниот парламент на МОСТ на тема "Закон за финансирање на локалната самоуправа".





# Собранието ја одржа првата јавна расправа

На 23 јуни повеќепартиски панел од пратеници одржа јавна расправа за законодавна етика и кодекс за однесување на пратениците. Расправата беше заеднички организирана од страна на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците на Собранието на РМ и НДИ. Ова беше првата официјална јавна расправа од овој вид одржана во Собранието на Република Македонија. Според сите сознанија расправата беше многу успешна. Се појавија петнаесет сведоци, вклучувајќи пратеници, невладини организации и експерти. Врз основа на нивните презентации јасно е дека постои поддршка за Кодекс на однесување за пратениците кој би поставил етички норми кои ќе ги насочат пратениците во нивната секојдневна работа. Многумина од сведоците веруваат дека Кодексот на однесување ќе ја подигне свеста на пратениците за нивната одговорност, ќе го зајакне интегритетот на пратениците и собранието како институција и ќе ја зајакне довербата на граѓаните во пратениците.

Неколкумина од сведоците ја истакнаа потребата да се воспостави неутрално, професионално тело кое ќе биде одговорно за имплементација на Кодексот на однесување за пратениците.

## Препораки од сведоците за Кодексот за однесување на пратениците

- ☑ Пријавување на финансиската состојба на пратениците и членовите на нивното семејство
- ☑ Непотизмот не е дозволен
- ☑ Не е дозволена злоупотреба на привилегиите од страна на пратениците за лична и/или семејна корист
- ☑ Со своите постапки пратениците не смеат да го нарушуваат кредибилитетот на Собранието, на останатите пратеници или на граѓаните
- ☑ Секоја пратеничка група и секој поединечен пратеник би требало да помогне во создавањето на подобри меѓупартиски односи
- ☑ Пратениците и пратеничките групи би требало поефективно да го користат времето за дискусија во Собранието
- ☑ Пратениците би требало да се стремат кон претставување на општиот јавен интерес и доколку има конфликт на интереси тој/таа би требало истиот јавно да го објават
- ☑ Пратениците би требало да ја извршуваат нивната работа професионално (редовно присуство на седници, активно учество на јавните расправи, комуникација со граѓаните)

## Пратениците ја поздравуваат јавната расправа како иновативно средство



**М-р Зоран Шапуриќ**
Претседател на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците во Собранието на РМ

Во врска со Кодексот на однесување за пратениците и законодавната етика, лично сметам дека неодамна одржаната јавна расправа во Собранието на Република Македонија, во организација на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и НДИ, покажа голем интерес од страна на пратениците, но и од поширокатa јавност. Самиот начин на изнесување на проблематиката во вид на јавна расправа со сослушување, односно давање изјави на пратениците претставува една битна новина во работењето на Собранието. Самата расправа покажа разни визии во врска со оваа проблематика. Но, во секој случај пратениците покажаа недвосмислена волја проблематиката да биде нормирана во вид на кодекс, преку вградување во деловнички одредби или со донесување на некој друг акт од страна на Собранието. Со ова би се нормирало однесувањето на пратениците, но и нивните права и обврски, со што тоа би било и во интерес на пратениците и во интерес на јавноста. Сето ова би требало да биде во склад со останатите норми во правниот поредок како на пример, антикорупциското законодавство, законите за конфликт на интереси и слично. Меѓутоа ова не ја намалува потребата од донесување на посебен закон за пратеници каде би се регулирале правата, обврските, условите за работа и останатите работи поврзани со вршењето на парламентарните активности. Сето ова го потенцира значењето на Кодексот на однесување за пратениците, законодавната етика, и укажува на потребата од одржување на повеќе јавни расправи по одредена тематика во Собранието на Република Македонија.

## Санкции за пратениците предложени од страна на сведоците на јавната расправа во случај на прекршување на Кодексот на однесување за пратениците

- ☑ Јавен укор
- ☑ Парична казна
- ☑ Суспензија на мандатот
- ☑ Деградација
- ☑ Опомена
- ☑ Исклучување од Собранието



# Зајакнување на соработката помеѓу Собранието и невладините организации

Националниот Демократски Институт за надворешни работи и граѓанската асоцијација МОСТ на 7 април во Скопје заеднички спонзорираа конференција за зајакнување на соработката помеѓу Собранието и невладините организации во Македонија.

Преку серија на панели и работилници, пратениците и претставниците на невладините организации имаа уникатна можност да дознаат и да дискутираат за начините за зајакнување на соработката.



**Преден ред од лево кон десно : Митко Башов од Европскиот Форум Гевгелија, пратениците Марија Којзеклиска, Славица Грковска, Томе Тромбев и Ефтим Манев**

## Заклучоци од конференцијата

☑ Собранието би требало да отвори граѓанска канцеларија

☑ Веб страницата на Собранието треба да се ажурира со информации за дневниот ред на пленарните и комисиските седници, прифатените одлуки, стенограмите и други релевантни информации.

☑ Собранието би требало да организира јавни расправи на кои би можеле да присуствуваат сите заинтересирани невладини организации и граѓани.

☑ Пратениците би требало да отворат канцеларии во своите изборни единици каде што граѓаните би можеле да ги контактираат со свои прашања и со тоа да придонесат во процесот на донесување на одлуки

☑ Измена на Деловникот за работа на Собранието за да се овозможи учество на јавноста

МОСТ
Граѓанска Асоцијација

# Собраниските преведувачи учат нови техники

Исполнувајќи ги уставните барања и сопствениот нов Деловник на работа, Собранието на РМ започна да ги преведува законите - откако ќе бидат донесени - на албански јазик и да обезбедува симултан превод на комисиските и пленарните седници од албански на македонски јазик.

Преку својата парламентарна програма за јазици, НДИ ги опреми комисиските сали за симултан превод, ги купи навистина потребните речници за Собранието и неодамна организираше брз курс на скопскиот Универзитет на отсекот за преведување и толкување, за ново вработените преведувачи во Собранието.

Во текот на шест недели во јуни и јули, по работното време, собраниските преведувачи собраа сили и се соочија со летните горештини за да научат некои од специјалните вештини и техники потребни да се стане професионален преведувач.

На крајот од курсот, преведувачите сметаа дека тој беше од голема помош, и ако ништо друго, можеше да трае подолго!







# Силни ограноци, силни партии

**Дејвид Догерти**
Директор на програмата за политички партии

Во натпреварувачкиот свет на политиката, најчесто изгледа тешко да се натераат партиите да се согласат околу кое било прашање. Во развивањето на програма која би ја привлекла секоја од поголемите партии во Македонија, ние во НДИ моравме да си го поставиме основното прашање: што е тоа од кое секоја партија би имала корист, без разлика дали е голема или мала, стара или нова, македонска или албанска?

Одговорот на ова беше дека партиите во Македонија ги имаат истите потреби како и партиите во другите демократии: силни и добро обучени активисти на локално ниво, и локални ограноци кои ја поврзуваат јавноста со партијата, и со самата влада. Овие потреби се само повеќе интензивирани од фактот дека 2004 донесува локални избори, што значи дека партиите имаат потреба од ефективни структури во повеќе места истовремено, зависно од тоа каде ги предвидуваат своите изборни шанси. Оттука, и програмата на НДИ за политичките партии 2003-2004... Потенцијални лидери/Развој на локалните ограноци.

Целта на оваа програма е да обезбеди обука и консултации за активистите на локалните ограноци во напорите да се култивираат посилни локални лидери и посилни ограноци - како фундаментални компоненти на ефективните, модерни партии. НДИ ќе работи директно со партиското раководство и со претставниците на локалните ограноци во унапредување на техничките вештини на партиските активисти во клучни области и во изградба на разбирање за користа која самите партии ќе ја извлечат од посилните ограноци.

# Интензивни активности на активистите на ДУИ по НДИ семинарот

Над 60 партиски активисти присуствуваа на заеднички организираниот дводневен семинар на ДУИ и НДИ во Маврово во јуни, кој го карактеризираше слајд-шоу за првите резултати на ДУИ во владата, презентации за тоа како да се комуницира со граѓаните и да се изгради поддршка, и групна работа за развивање на локални планови за акција на ниво на локалните ограноци.

Во јули се покажаа и резултатите од оваа работа кога над 50 состаноци беа организирани од локалните ограноци на ДУИ во градовите и селата од Куманово до Кичево, со публика која броеше меѓу 10-400 луѓе, за да слушне за достигнувањата и предизвиците на ДУИ.

Памфлети со краток приказ на главните теми од презентацијата на ДУИ заедно со информација за тоа како да се контактираат пратениците и другите партиски претставници беа широко дистрибуирани на состаноците.



**Над 60 активисти на ДУИ присуствуваат на семинар за локалните ограноци во Маврово**

"Слушнавме многу за темите кои претставуваат новина во политиката, со кои ќе се разликуваме во начинот на работа на другите партии."

*Целадин Шаѓку*
*Учесник на семинарот*

"Мислам дека транспарентноста и чесната комуникаҫја со граѓаните ќе не́ доближат до нив и до нови постигнувања"

*Фатмир Дехари*
*Учесник на семинарот*




# Потенцијални лидери во Либерална партија на Македонија



**Активистите на Либералната партија на семинар на НДИ во Скопје**

Справувајќи се со сликата на најмала пратеничка група во Собранието, активистите на Либералната партија беа првите кои ја започнаа програмата на НДИ за Потенцијални лидери/Развој на локалните ограноци. На 18 јули дваесет активисти од Либералната партија присуствуваа на еднодневна сесија во рамките на програмата со траење од една година, за да истражуваат начини на изградба на нивните вештини и да учат нови техники за зајакнување на локалните ограноци.

Сите учесници ќе направат проценка на својот локален огранок за да стекнат преглед на неговите предности, слабости, потреби и потенцијали. Тие ќе се фокусираат на три главни теми опфатени со програмата на НДИ: комуникации, управувачки практики и внатрешни процедури. Резултатите ќе ги обликуваат основите за идните работни сесии со НДИ.

Слични сесии се планирани со СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ и ЛДП наесен.

> „Имаше многу идеи за тоа како подобро да се организираат локалните тела кои можат да се употребат во пракса..."
>
> *Дејан Талимџиоски,*
> *Учесник на семинарот*

## АГОЛ НА ГЕНЕРАЛНИТЕ СЕКРЕТАРИ



**Никола Ќуркчиев**
**СДСМ**

„Активностите на СДСМ се изложени во документот кој го усвоивме на четвртиот Конгрес на партијата. Политичкиот ангажман исто така претпоставува постојана „бура" на нови идеи и нови иницијативи. Ќе ги зајакнеме нашите локални ограноци за подобра имплементација на обврските од нашиот мандат во власта".



**Г'зим Острени**
**ДУИ**

„Приоритет на ДУИ во следната година ќе биде работата на зајакнување на организациониот капацитет на нашата партија, бидејќи овој напор ќе обезбеди нашата партија подобро да функционира и да излезе во пресрет на следните предизвици. Ова е во линија со партиските напори за воведување на нов политички менталитет во државава..."



**Роза Топузова Каревска**
**ЛДП**

„ЛДП ќе се фокусира на зајакнување на организациониот аспект на партиската структура и ќе се подготвува за избори во општинските организации. Исто така ќе продолжиме со напорите да ја реализираме нашата предизборна програма."



**Ден Дончев**
**ВМРО-ДПМНЕ**

„Нашите приоритети се избор на локалните ограноци и нова организациона структура. Ние сме прва партија која спроведува современа практика во изборот на претседатели на локалните ограноци. Истото ќе го сториме со нашата нова структура, што ќе нé подготви за победа на следните избори."



**Зоран Димов**
**ЛПМ**

„Приоритет на ЛПМ во наредниот период е одржување на годишните собранија на ниво на локалните ограноци, како и подготвување на Конгресот на партијата. Согласно на тоа, се гради и стратегија за пренесување на соодветни активности на локално ниво и на ниво на посебните облици на организирање на членството на ЛПМ."



**Ружди Матоши**
**ДПА**

„ДПА ќе работи во насока на целосно имплементирање на Рамковниот договор како што е договорено помеѓу партиите во Охрид. Ќе се спротивставиме на секоја тенденција за негово деградирање."

## Во следниот број:

# Нова генерација на практиканти во Собранието на РМ



"Ова е одличен начин за помагање на работата на пратениците, но истовремено и за обука на млади кадри. Притоа, мора да се искажат честитки за НДИ за изборот на млади луѓе - очигледно е дека е работено според добра методологија и објективни критериуми."

*Лилјана Поповска*
*Потпретседател на Собранието на РМ*

## НАЦИОНАЛЕН ДЕМОКРАТСКИ ИНСТИТУТ


**Претседавач**
**Медлин К. Олбрајт**
**Претседател**
**Кенет Д. Волак**
**Регионален Директор**
**Роберт Бенџамин**

**НДИ Македонија:**

**Шејла Фруман -** Директор
**Елвис Жутич -** Директор на Парламентарната програма
**Александра Цветковска** - Парламентарна програма
**Емил Атанасовски** - Парламентарна програма
**Дејвид Догерти** -Директор на програмата за политички партии
**Лидија Стојкова-Зафировска** - Програма за политички партии
**Флора Сулејмани** - Програма за политички партии
**Херман Де Фрај -** Директор на програмата за јазици
**Татјана Бундалеска** - Програма за јазици
**Исмаил Ебипи** - Програма за јазици
**Климентина Блажевска** - Административен работник
**Ардит Мемети** - Административен менаџер
**Г'зим Јашари** - Истражување и комуникации
**Даниела Додевска** - Административен работник




**За повеќе информации за програмите и публикациите на НДИ, ве молиме посетете ја нашата веб страна www.ndi.org или контактирајте нé на ndi@ndi.org.mk**

NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE FOR INTERNATIONAL AFFAIRS


**Централна канцеларија**

**Даме Груев 7**
**1000 Скопје, Македонија**
**Тел.: +389 (02) 31 31 177**
**Факс: +389 (02) 31 28 333**

**Програма за користење на јазиците**

**Даме Груев 1/2/8**
**1000 Скопје, Македонија**
**Тел.: +389 (02) 32 96 578**
**Факс: +389 (02) 31 20 101**


UNITED STATES AGENCY FOR INTERNATIONAL DEVELOPMENT
USAID


**Националниот демократски институт за надворешни работи е непрофитна организација со седиште во Вашингтон, и во Македонија е поддржана од УСАИД. Програмата на НДИ за употреба на јазиците е поддржана од владата на Белгија.**